# „Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Дали сакате да ве известам за жителите на Џенетот? Тоа е секој слаб и понизен човек, кој ако се заколне во Аллах, Тој ќе ја исполни неговата заклетва. И дали сакате да ве известам за жителите на Џехенемот? Тоа е секој груб, самобендисан и горделив човек‘.‘“

Од Хариса бин Вехб ел-Хузаи, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Дали сакате да ве известам за жителите на Џенетот? Тоа е секој слаб и понизен човек, кој ако се заколне во Аллах, Тој ќе ја исполни неговата заклетва. И дали сакате да ве известам за жителите на Џехенемот? Тоа е секој груб, самобендисан и горделив човек‘.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, опишал некои од особините на жителите на Џенетот и Џехенемот. Најголем дел од жителите на Џенетот се „слабите и понизните“ – оние кои се скромни, покорни на Аллах и ја понижуваат својата душа пред Него. Толку се понизни што некои луѓе ги сметаат за безначајни и ги потценуваат. Но, таквиот човек, доколку се заколне во Аллах, надевајќи се на Неговата добрина, Аллах би ја исполнил неговата заклетва, би му го прифатил барањето и би му одговорил на довата. Најголем дел од жителите на Џехенемот се „грубите“ – жестоки, непопустливи во расправи, или расипани луѓе кои не се покоруваат на доброто; „самобендисаните“ – горделиви, луѓе со крупна градба кои се прејадуваат, самовендисани и се однесуваат арогантно; и „горделивците“ – оние кои ја отфрлаат вистината и ги потценуваат другите.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee